**4377.**

Врз основа на член 9 став 1 а) точка 8 и став 1б) точка 2 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 65/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014 и 113/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 18 август 2014 година донесе:

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Листата на лекови кои паѓаат на Товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 102/07, 104/07, 151/07, 22/08, 100/2008, 95/2009, 131/2009, 44/2010, 171/2010, 61/2011, 62/2011, 99/2011, 158/2011, 42/2012, 63/2012 и 159/2012, 47/2014 и 98/2014), во натамошен текст Листа на лекови, во членот 1 се вршат следните измени и дополнувања:

- кај АТЦ кодот A05AA02 – „Ursodeoxycholic acid

– капсули СРЈ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, кај ознаката „RS – по препорака на лекар специјалист од центарот за цистична фиброза, интернист и хирург“ се додаваат зборовите „лекар специјалист инфектолог и болнички педијатар“;

- кај АТЦ кодот A05AA02 – „Ursodeoxycholic acid

– перорална суспензија СРЈ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, кај ознаката „RS – по препорака на лекар специјалист од центарот за цистична фиброза “ се додаваат зборовите „ лекар специјалист инфектолог и болнички педијатар“. Зборовите „*Индикација: за

болни од цистична фиброза“ се заменува со зборовите „ Напомена: за терапија на деца до 14 години болни од Цистична фиброза и со Алажил синдром“;

- кај АТЦ кодот A07EC02 – „Mesalazin – таблети/супозитории/клизми СРЈ“, во колоната 7 –

„Режим на пропишување”, се додава ознака „RS“ а во делот „ RSS - по препорака на лекар субспецијалист – гастроентерохепатолог“ се додаваат зборовите „RS-по препорака на болнички педијатар“;

- кај АТЦ кодот C01BD01 – „Amiodarone – таблети СРЈ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, се додава ознака „RS“ а во делот „RSS - по препорака на лекар субспецијалист кардиолог“ се додаваат зборовите„RS-по препорака на специјалист интернист“;

- кај АТЦ кодот C01DA14 – „Isosorbide mononitrate

– таблети/капсули СРЈ“, во колоната 5 – „Фармацевтска дозажна форма”, се додава „ таблета со продолжено ослободување“;

- По АТЦ кодот C07AB02 –„Metoprolol – таблети СРЈ“, се додава следната табела:

C07AB02 Metoprolol 0,15 g P инјекции СРЈ *

- кај АТЦ кодот G04C – „Лекови за третман на бенигна хипертрофија на простата“, во делот индикации пред зборовите „- Артериска хипертензија во комбинирана терапија; се додава ознаката „ ***“ и во колоната 2 „ Генеричко име –INN“, за генеричкото

име Terazosin се додава ознаката „***“;

- кај АТЦ кодот H03AA01 – „Levothyroxine – таблети СРЈ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, се додава ознаката „R“ , во делот „RS

- По препорака на: лекар специјалист интернист, специјалист по нуклеарна медицина; RSS – по препорака на лекар субспецијалист ендокринолог“ се додава „R - при хронична примарна хипотиреоза со следење на ефектот од субституционата терапија преку нивото на TSH најмалку еднаш годишно (0,4-4,5 µU/ml) “;

- кај АТЦ кодот J01AC04 – „Amoxicillin – капсули/таблети/суспензија СРЈ“, во делот Индикации се додава „- Одонтогени инфекции“;

- кај АТЦ кодот J01CE10 – „Benzathine phenoxymethylpenicillin таблети и сируп СРЈ“ во колоната 2 „Генеричко име–INN“,се брише ознката

„**“, и се брише делот „**Индикации: -Лекување на стрептококни аеробни и анаеробни инфекции, вклучително и одонтогени инфекции,- Профилакса на ревматска треска“;

- кај АТЦ кодот J01DB01 – „Cefalexin – капсули/суспензија во колоната 2 „Генеричко име – INN“ се брише ознаката „**“

- кај АТЦ кодот J01DB-„Прва генерација цефалоспорини“ и „J01DC- Втора генерација на цефалоспорини“ во делот на индикации, зборот „уринарен“ се заменува со зборот „генитоуринарен“;

- кај АТЦ кодот L04AA06 – „Mycophenolic acid – капсули/ таблети СРЈ“, во делот „RS - по препорака на лекар специјалист онколог, интернист “ се додаваат зборовите „,болнички педијатар“;

- кај АТЦ кодот L04AD02 – „Tacrolimus – капсули СРЈ“, во делот напомена зборовите „болнички педијатар и субспецијалист кардиолог “ се заменуваат со зборовите „ болнички педијатар, субспецијалист кардиолог, хематолог“;

- кај АТЦ кодот M05BA04 – „Alendronic acid – таблети во колоната 2 „Генеричко име – INN“ се брише ознаката „**“;

- После АТЦ кодот N02BE01 – „Paracetamol – таблети/ сируп/супозитории СРЈ“, се додава следната табела:

N02BE01 Paracetamol 3 g P инјекции СРЈ *

- кај АТЦ кодот N06AX16 – „Venlafaxine – таблети СРЈ“, во колоната 5 – „Фармацевтска дозажна форма”, се додаваат зборовите „капсула со продолжено/модифицирано ослободување“;

- кај АТЦ кодот R03AK06 – „Salmeterol, fluticasone – прашок за инхалирање CPJ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, се додава ознаката „RS“, а во делот „RSS – по препорака на субспецијалист пулмолог, пулмолог педијатар“ се додаваат зборовите „ RS-

интернист и пнеумофтизиолог од центарот за астма и ХОББ и RSS- пулмоалерголог“;

- кај АТЦ кодот R03AK07 – „Budesonide, folmoterol – прашок за инхалирање CPJ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, се додава ознаката „RS“, а во делот „RSS – по препорака на субспецијалист пулмолог, пулмолог педијатар “ се додаваат зборовите „RS-

интернист и пнеумофтизиолог од центарот за астма и ХОББ и RSS - пулмоалерголог“;

- кај АТЦ кодот R03AK07 – „Formoterol, beclometasone – инхалациски раствор под притисок CPJ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, се додава ознаката „RS“, а во делот „RSS – по препорака на субспецијалист пулмолог (само за пациенти постари од 12 години)“ се додаваат зборовите „RS-интернист и пнеумофтизиолог од центарот за астма и ХОББ и RSS- пулмоалерголог“;

- кај АТЦ кодот R03BB04 – „Tiotropium bromide – прашок за инхалирање, капсула/раствор за инхалирање CPJ“, во колоната 7 – „Режим на пропишување”, се додава ознаката „RS“, а во делот „RSS – по препорака на субспецијалист пулмолог“ се додаваат зборовите „ RS-интернист и пнеумофтизиолог од центарот за астма и ХОББ и RSS- пулмоалерголог“;

- кај АТЦ кодот G03DB01-„Dydrogesterone –таблети CPJ“ во делот „ ***Индикации: Дефицит на лутеална фаза и подршка кај АРТ“ се додаваат зборовите „, крварење во рана бременост; отсутна, скудна и ретка менструација; обилна честа и нередовна менструација; друго означено ненормално крварење од утерус и вагина (МКВ-10: O20.0, O20.8,O20.9,N91.0-N91.5, N92.2, N92.3, N92.5, N92.6, N93.8)

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-14395/7 Управен одбор

29 август 2014 година Претседател,

Скопје **Елена Трпковска,** с.р.